Република Северна Македонија
ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО
Бр. 22-378/4
17. 02. 2025 год.
ОБЛЕШЕВО

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10 , 51/11, 123/12, 93/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и „ Службен веник на Република Северна Македониаја“ бр.89/22,171/22 и 2/25), Градоначалникот на Општина Чешиново-Облешево , на ден 17.02.2025 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА НЕСПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА

1. За планскиот документ **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.8- Инфраструктури за пренос на електрична енергија, за подземен кабелски 10(20)КВ вод КО Кучичино, Општина Чешиново- Облешево, не е** потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Чешиново -Облешево : www.cesinovo-oblesevo.gov.mk.

Облешево , на ден 17.02.2025 година, донесе

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата , содржината и образецот на Одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена , одобрувањето на планскиот документ **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.8- Инфраструктури за пренос на електрична енергија, за подземен кабелски 10(20)КВ вод КО Кучичино, Општина Чешиново-Облешево, нема да има влијание врз животната средина** од следните причини: поставувањето на подземен 10 (20)КВ вод не ја загадува околината, не создаваат емисии на штетни материи, не трошат гориво и не создаваат бучава. Влијанијата кои ќе се јават во фаза на градба се проценуваат како малку значајни и со ограничен временски рок.

4. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Изготвил/МСЈ,

Градоначалник,
Далибор Ангелов

средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на